

**2004** година, беше година на предизвици, реформи и прилагодувања. Царинската управа го продолжи спроведувањето на Стратешкиот план за развој 2004-2008, царинските службеници добија нови права и овластувања, кои произлегоа од новиот Закон за Царинска управа. Европскиот Прашалник и неговите одговори беа најголема задача за многу голем број на царински работници. Во Август, целиот свет беше насочен кон Атина и одржувањето на Летните Олимписки Игри, повторно онаму каде што започнаа. Горди сме што и ние дадовме огромен придонес за успешно спроведената организација на игрите.

Ако се земат во предвид долгата историја на воспоставувањето на царинските служби во светот, основните и класичните дефиниции поврзани со Царината се единствени по природа, иако со текот на времето тие биле предмет на промени и дополненија. Промените и дополненијата, влијаеа на оценката на царинските одговорности, активности, пристапи и практичното работење на царинските работници.

Како резултат на намалувањето на царинските стапки и трговската либерализација, Царината полека ги напушта традиционалните одговорности, како што се обезбедување на приходи за државата, регистрирање и евидентирање на стоките кои се увезуваат или извезуваат од земјата, како и примената на мерките на трговската политика, и се претвара во институција која пружа услуги на општеството во функција на постојан развој и заштита.

Новите одговорности на Царината може да се групираат под категориите како што се заштита на животната средина, одржување на мирот и безбедноста на општеството во напорите да се спротивстави на уништувачките ефекти на елементите кои ја сочинуваат озонската обвивка, контрола на организираниот криминал, како што е трговијата со луѓе, опрема и матерјали кои се употребуваат за изработка на оружје за масовно уништување, шверц на дрога и наркотични средства, заштита на видовите на флора и фауна на кои им прети уништување, како и заштита на човештвото од сите видови на опасности.

Употребата на современа и модерна технологија за да се справиме со се поголемиот обем на меѓународна трговија, се смета како една од главните цели на Царинските управи во светот. Во моментов, обемот на трговијата на глобално ниво изнесува милијарди долари и без сомнение, царинските работници треба да бидат обучени и опремени со најсовремена технологија за да можат да се справат со предизвиците и очекувањата од јавноста.

Царинските службеници во наредните години ќе се соочуваат со предизвикот на исполнување на многу важни и осетливи функции. Од тие причини, неопходно е сите да бидеме припремени да се справиме со предизвиците.

Илија Илоски

Директор

**МИСИЈА**

*Царинската Управа на Република Македонија постои за потполно и на ефикасен начин да им служи на Владата и граѓаните на Република Македонија со обезбедување на навремено и ефикасно прибирање на царинските и другите давачки и спречување на внесување на нелегална стока во земјата. Ова може да се оствари со системи и работење кое реално ќе ја олеснуваат меѓународната трговија и ќе придонесува за одржлив економски развој преку спроведување ефикасни, брзи и лесно разбирливи постапки во опкружување кое што обезбедува целосна заштита на приходите и целосно спроведување на законските забрани и на законот воопшто.*



**Организациона структура на ЦАРИНСКА УПРАВА**



**Наплата на приходи од царина и царински давачки**

На 1 Април 2004 година стапи во сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија, која предизвика намалување или укинување на царинските стапки за многу голем дел на индустриски производи, како и за поголема група на земјоделски и прехрамбени производи. Така во 2004 година, значително беа намалени царинските стапки за увоз на производи со потекло од Европската унија.

Со проширувањето на Европската унија со 10 нови земји членки на 1 Мај 2004 година, а со цел да се земат превдид традиционалните трговски текови помеѓу Република Македонија и новите земји члени, од почетокот на Мај 2004 година се применуваат дополнително намалени царински стапки, при увоз на стоки од Заедницата.

Во текот на 2004 година исто така продолжи трендот на либерализација на надворешно трговското работење, како резултат на превземените обврски од Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската Трговска Организација, како и годишните намалувања на царинските стапки според временските табели од Договорите за слободна трговија. Кон групата на земји кои имаат склучено преференцијална трговија со Република Македонија во 2004 година се приклучи и Молдова.

Во вкупниот увоз, преференцијалниот увоз (Србија и Црна Гора, Хрватска, Бугарија, Турција, Европска Унија, ЕФТА, Босна и Херцеговина, Албанија, Романија и Украина) учествуваше со околу 84% како резултат на склучените договори за слободна трговија. Имајќи ги во вид сите овие околности на општо намалување на висината на царинските стапки, како резултат на измените на Законот за царинска тарифа и бесцаринскиот преференцијален увоз, Царинската управа на Република Македонија во 2004 година на име царина во Буџетот уплати средства во висина од 5,9 милијарди денари. Во 2004 година Царинската управа на име данок и акциза собра 28,02 милијарди денари.

Постигнатите резултати во однос на наплата на царина и царински давачки во износ од 5,9 милијарди денари, во однос на планираните приходи од царина од 5,3 милијарди денари, претставуваат одличен резултат за работењето на Царинската управа во 2004 година. Постигнатите резултати се за 11% поголеми од планираните, што се должи на реформските мерки за подобрување на царинското работење во 2004 година, како и на многу високиот обем на увоз во декември 2004 година.

Во текот на 2004 година, Царинската управа на Република Македонија по основ на враќање на царина врз основа на извршен извоз има вреатено 158 милиони денари.




**Остварени приходи од царина во периодот 1992-2004 година во милијарди денери**

Важно е да се напомене дека вкупната сума на давачки што се наплатени во царински постапки учествуваат скоро половина во Буџетот на државата. Тоа е и дополнителен доказ за успешното работење на царинската служба во текот на целата година.

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Службата за Царинска тарифа при Царинската управа во текот на 2004 година извршуваше бројни активности кои беа врзани со Законот за царини како и Законот за Царинска тарифа. Службата ги следеше промените на одлуките и останатите материјали и документи од Комитетот за Хармонизиран Систем, како и препораките за распоредување на стоките, според Коментарските објаснувања на Комбинираната номенклатура на Европската унија.

Службата за Царинска тарифа ја интензивира примената на постапката за Задолжителна тарифна информација како клучен инструмент и ефикасен начин на еднообразна примена на Законот за Царинска тарифа, како и следење и анализа на ефектите од примена на тарифните стапки утврдени како обврска за членство на Република Македонија во Светската Трговска Организација.

Активноста на службата во изминатата година беше поврзана со Планот за работа во текот на месецот, каде приоритет му се даваше на правилното распоредување на стоките според Царинска тарифа по царинските испостави, особено за стоки кои можат да се тарифираат во повеќе тарифни броеви без навлегување во суштината и карактерот на производот. Во текот на извештајната година секојдневно од страна на Царинските испостави беа побарани адекватни толкувања правилното распоредувања на одредени стоки од страна на службата за Царинската тарифа.

Во текот на 2004 година службата за Царинска тарифа прими 32 барања за Задолжителна Тарифна Информација од кои 30 се решени. Што се однесува на решените предмети, истите беа решени согласно член 3 став 4 од Правилникот за начинот на издавање и употреба на Задолжителни Тарифни Информации објавен во Службен Весник на Република Македонија број 64/02.

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

Во текот на 2004 година Царинската лабораторија анализите ги извршуваше користејќи услуги од расположливите лаборатории при институтите и производните лаборатории, Холандската царинска лабораторија, консултации со стручни лица од одредени области, како и техничка документација за увезените стоки.

Во текот на 2004 година добиени се 572 мостра за анализа. Од вкупно реализираните мостри **издадени се 322 записници со променет тарифен став**, а 240 записници со потврден тарифен став, а 10 се вратени заради непочитување на упатството за задолжително обезбедување на царински долг кога се земаат мостри на стоки.

Од издадените записници за анализа на **235 мостри е вршена анализа**, а на останатите проверката и распоредувањето, согласно Царинската тарифа, е извршено врз основа на доставени цертификати, органолептичка анализа, брзи

тестови за идентификација, стручна литература, база на податоци на Светската Царинска Организација и Европската Унија, како и консултација со стручни лица од поодделни област.

Од анализираните мостри поголем број се однесуваат на акцизна стока и тоа: нафтени деривати и алкохоли (чисти и денатурирани), бидејќи истите повлекуваат различни давачки, односно ослободувања.

## ЦАРИНСКА ВРЕДНОСТ

Во текот на 2004 година, од страна на Службата за царинската вредност испратени се вкупно **257** барања за проверка на царинска вредност во странство.

Од странските царински служби, во текот на 2004 година, **добиен е одговор на 150 барања**, од кои дел се однесуваат и на барањата испратени во претходните години. Од добиените одговори **позитивни се 71 предмет, негативни се 30 предмети,** додека **49** одговори се однесуваат на известување дека истрагата е во тек, барање на дополнителни податоци или неможност за одговор заради непостоење на договор за царинска соработка со земјата во која е испратено барањето.

Разликата во царинска вредност која произлезе од негативно одговорените предмети изнесува околу **2.111.509 Евра** или околу 130 милиони денари. Исто така, во текот на 2004 година покрената е постапка за дополнителна наплата на помалку платените увозни давачки врз основа на добиени одговори за проверка на царинската вредност. Износот на разликата во царинската вредност за овие предмети изнесува околу **101.728 Евра** или околу 6,25 милиони денари.

Во однос на барањата кои странски царински служби ги упатиле до Царинската управа за проверка на царинската вредност, во текот на 2004 година, **примени се вкупно 5 барања**, кои биле уредно одговорени.

| **Година** | **разлика во царинска вредност во Евра** |
|---|---|
| 1999 | 243.902 |
| 2000 | 178.861 |
| 2001 | 140.300 |
| 2002 | 139.789 |
| 2003 | 222.705 |
| **2004** | **2.111.509** |

утврдена разлика во царинска вредност



## ПОТЕКЛО НА СТОКИ

Основните задачи на Службата за потекло во 2004 година беа во согласност со пропишаната организација и тоа ја следеше и анализираше примената на правилата за потекло. Анализирајќи ги проблемите кои настануваат со примена на тие прописи и Службата предлагаше низа мерки за нивно решавање како што се измени и дополнувања на одредени подзаконски акти и оперативни упатства кои недостасуваат за правилно и законито постапување на царинските органи во спроведувањето на царинската постапка, како и нејзино надградување и модернизирање. Одделението активно учестувуваше во давањете насоки и стручна помош на другите одделенија во Царинската управа, на царинарниците и другите правни и физички лица кои се учесници во царинските постапки. Претставници од одделенито присуствуваа на повеќе семинари и предавања за стручно надградување, а исто така беа вклучени и како предавачи во семинири и предавања организирани од Царинската упрва за потребите на царинските работници или за трговската заедница. Одделението имаше учество и во изработката на матерјали и информации кои се објавуваат на Интернет страницата на Царинската управа односно кои се истакнуваат на самите гранчни премини или внатрешни царински испостави.

Во 2004 година Службата активно учествуваше во работата во експертските тимови во мешовитите комисии, поткомисии и работните групи за следење на Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено и тоа со Албанија, Србија и Црна Гора, ЕФТА земјите, Романија, Европската унија, Хрватска, Бугарија, Турција и Словенија.

Како една од основните активности на Службата за потекло е **проверката на доказите за потекло** на стоките **издадени од странски царински органи** врз основа на барање на Царинските испостави, Секторот за контрола и истраги или директно од Службата за потекло. Ако се направи преглед на изминатиот четири годишен период се добива следната состојба.

| **Година** | **Број на испратени барања за проверка до странски царински органи** | **Број на добиени одговори од странските царински органи** | **Број на негативни предмети** |
|---|---|---|---|
| 1998 | 17 | 13 | 6 |
| 1999 | 34 | 31 | 10 |
| 2000 | 39 | 33 | 10 |
| 2001 | 125 | 63 | 29 |
| 2002 | 207 | 90 | 12 |
| 2003 | 470 | 82 | 21 |
| **2004** | **395** | **107** | **31** |

Во изминатата 2004 година активно се работеше, а истиот тренд ќе продолжи за анализа на ризик на доставените предмети за проверка, со цел да се зголеми

ефикасноста при работењето и да се зголеми процентот на откриени негативни предмети.

За сите негативни одговори е иницирана постапка за дополнителна наплата на царинскиот долг, известен е Секторот за контрола и истраги, дополнително е иницирана постапка за започнување на прекршочна, односно кривична постапка и известено е Одделението за анализа и ризик. Исто така голем е и бројот на **проверки на доказите за потекло издадени од царинските органи на Република Македонија** на барање на странски царински органи. Со зголемување на бројот на Договорите за слободна трговија се забележува и трендот на пораст на дополнителни проверки на доказите за потекло и од овој вид.

Распределбата на царински квоти, по принципот прв-дојден, прв-корисник продолжи да се врши и во 2004 година. Службата за потекло учествуваше во изготвувањето на листите на стоки, за кои е предвидена распределба на квоти за сите земји со кои Република Македонија има склучено Договори за слободна трговија. Извештаите за дневната состојба за распределба на квоти има можност да се видат на Интернет страницата на Царинската управа www.customs.gov.mk и во програмата ASYCUDA.

Заклучно со 31.12.2004 година има поднесено и одобрено 3336 барања за распределба на стоки во рамки на квоти.

Покрај распределба на царински квоти согласно Договорите и Спогодбите за слободна трговија, во рамките на Службата за потекло вршена е распределба по принцип "прв-дојден, прв-услужен" на:

- количините на стоки со повластен тарифен третман врз основа на донесени Одлуки од страна на Владата на Република Македонија;
- количините на царински квоти за увоз на пченица со потекло од Србија и Црна Гора согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора и за увоз на пченица со потекло од некоја од земјите членки на Светската Трговска Организација, согласно Договорот за пристапување на Република Македонија кон Светската Трговска Организација;

Заклучно со 31.12.2004 година има поднесено и одобрено 94 барања за распределба на стоки со повластен тарифен третман.

## ПРАШАЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Република Македонија во 2004 година поднесе барање за членство во Европската Унија. Голем дел од годината беше посветен на одговарање на Прашалникот кој Европската Комисија и го испрати на Република Македонија. Царинските прашања во најголема мерка беа содржани во Поглавје 25 (Царинска унија), во кои требаше да се дадат одговори од повеќе области, како на пример царинското законодавство, компјутеризацијата, царинската вредност на стоката, потеклото на стоката.

Во процесот на одговарање на Прашалникот за членство во Европската унија учествуваа голем број на вработени кои во текот на целата година дадоа огромен придонес за квалитетни и навремени одговори.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Царинската управа на Република Македонија, во 2004 година, на Интернет страната **WWW.CUSTOMS.GOV.MK**, воведе значителен број на нови содржини и алатки, со што стана една од водечките институции во Република Македонија во зголемување на транспаретноста во своето работење.




Новини кои беа финансиски поддржани од меѓународната аценција на САД за развој USAID, се однесуваа на воведувањето на камери на граничните премини, алатка за пребарување на стоки во Царинската тарифа, отворен форум за дискусија со граѓаните и со учесниците во царинската постапка, Електронски бесплатен весник за новините во царинското работење, како и рубриката - Прашајте го Директорот.

На Интернет страната на Царинската управа се прикажани најголем број од законските прописи, правилници и инструкции кои ги применува царинската управа во своето работење. Исто така на Интернет страната секојдневно се прикажуваат податоците за количините на распределени квоти, според системот "прв дојден, прв корисник".

Во текот на 2004 година, повеќе од 120.000 посетители ја посетија Интернет страната на Царинската управа. Поставени и одговорени беа повеќе од 800 прашања од корисниците на услуги на електронска царина.

**АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ**

Секторот за информатика во текот на 2004 година беше ангажиран со унапредување на техничката основа за Макцис. Заменета е и инсталирана опрема од Проектот ТТФСЕ. Учествувано е во решавање на проблеми во работата и проширувањето на локалните мрежи во единиците на Царинска управа. Земено е учество во техничка подготовка на терминалот на Царинската испостава Блаце заради негово комплетно користење (на излез и влез).

Изведена е обука во Секторот за информатика за користење на новата база на податоци и новиот оперативен систем, а исто така, активиран е селективниот метод на проверка во сите испостави и направена е припрема за наплата со банкарски гаранции.

Секторот за автоматска обработка на податоци во текот на 2004 година работеше на следиве активности:

- Доработка на модулот за евиденција на извозни ЕЦД, Т1 и ТИР;
- Подобрување на апликацијата за евиденција на празни камиони;
- Подготовка и воведување на Проект за ОБЕМ НА РАБОТА. Подготвено е упатство за работа. Извршена е имплементација на проектот во сите пет Царинарници: Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија и Битола;
- Администрирање, ажурирање и внесување на промени и дополнувања на системскиот софтвер; одржување и ажурирање на процедурите за обезбедување на функционирањето и користење на системскиот софтвер;
- Работа на системскиот и апликативниот софтвер за функционирање на комплетниот систем и неговите перформанси;
- Извршена е миграцијата од Макпак телекомуникациониот систем на ВПН телекомуникациониот систем при што се запазени сите стандарди без прекин на работа на севкупниот Макцис систем;
- Базите на податоци се ажурирани навремено и податоците кои се потребни за другите служби во Царинска управа се се дистрибутирани до соодветните служби;
- Извршени се консултации, подготвени упатства и отпочнато е со обработка на Д-магацините;
- Поврзување на камери и прикажување на Интернет од четири гранични премини;
- Учество во активностите за централизирање на граничните царински испостави: Свети Наум, Ќафасан, Дојран и Меџитлија на еден сервер во Царинска управа. Анализирани се грешките во податоците при централизацијата и разгледана е можност за поправка на грешките. Направена е припрема за електронско потврдување на транзитните постапки;
- Изготвен е годишен извештај за распределба на квоти за 2004 година;
- Припрема на тарифа, акцизи и правила за пресметки за 2005 година.

**ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ И ДАНОЦИ**

Одделението за царински и даночни постапки, во 2004 година извршуваше задачи кои се во согласност со пропишаната организација. Тоа ја следеше и ја анализираше примената на царинските и даночните прописи, како и на прописите поврзани со мерките на трговската политика. Анализирајќи ги проблемите кои настануваат со примена на тие прописи, Одделението предлагаше мерки за нивно решавање и активно учествуваше во давање насоки и стручна помош на другите организациони единици во Царинската управа, на царинарниците и другите правни и

физички лица кои се учесници во царинските постапки. Беа изготвени повеќе предлози за донесување на нови закони и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на одредени закони и подзаконски акти.  Предложени се и донесени повеќе оперативни упатства кои недостасуваат за правилно постапување на царинските органи во спроведувањето на царинската постапка. Одделението земаше учество во изработката на материјали и информации кои се објавуваат на Интернет страницата на Царинската управа.

Најзначајни активности на Одделението во 2004 година беа следниве:

- **Предлогот за донесување на** нов **Царински закон**. Со овој закон ќе се постигне потполно усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија што е во согласност со преземените обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и во согласност со Програмата за приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија. На овој начин се подбрува постоечкиот Царински закон кој е делумно усогласен со законодавството на Европската унија, а во кој постојат определени неусогласени поими и кои неконзистентно се користат низ различни делови од законот, заради постоење на определени недоволно јасно искажани формулации, постоење на противречности кои се во помал обем и определени модификации на формулациите од европското законодавство со кои се менува нивната суштина. Предлогот на новиот Царински закон е изработен со техничка помош на канцеларијата за царинска и фискална помош на Европската Унија (CAFAO MAK). При изработката како модел се користеше Регулативата на Советот (ЕЕЗ) Бр. 2913/92 од 1992 година со која е донесен Царинскиот Законик на Заедницата. Изработена е и **кореспондентна табела со коментари за усогласеноста** на секоја поединечна национална одредба со европските одредби.
- **Предлогот за донесување на Уредба за спроведување на царинскиот закон**. Со донесувањето на една Уредба за спроведување на Царинскиот закон ќе се замени постоечкиот систем од повеќе (петнаесетина) Уредби, Правилници и Одлуки кои ја регулираат оваа област. До донесувањето на новиот Царински закон може да се започне единствено со подготвителните активности за донесување на оваа Уредба. Подготвителните активности и првични мислења се потребни заради обемноста на Уредбата. Со оваа Уредба ќе се постигне значителен степен на усогласување на нашите подзаконски акти со регулативата за имплементација на царинската регулатива на Европската унија што не беше случај до сега.
- **Предлогот за донесување на Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** е изготвен и даден во постапка во Владата на Република Македонија. Со овој закон ќе се постигне потполно усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и ТРИПС Спогодбата. Донесувањето на овој закон ќе биде новина во однос на постоечките царински прописи и се очекува воведување на нов квалитет во работењето на царинските органи. Предлогот за донесување на овој закон е изработен со техничка помош на канцеларијата за царинска и фискална помош на Европската Унија (CAFAO MAK). На предлогот на законот работеше работна група од повеќе организацини единици на Царинската управа со меѓу кои и два претставника од Одделението. При изработката како модел се користеше Регулативата на Советот (ЕЕЗ) Бр. 1383/03 од 2003 година. Изработена е и **кореспондентна табела со коментари за усогласеноста** на секоја поединечна национална одредба со европските одредби.

Претставници од одделенито присуствуваа на повеќе семинари и предавања за стручно надградување, а истото така беа вклучени и како предавачи во семинири и предавања организирани од Царинската управа за потребите на царинските работници или за трговската заедница. Одделението имаше учество и во изработката на матерјали и информации кои се објавуваат на Интернет страницата на Царинската управа односно кои се истакнуваат на самите гранчни премини или внатрешните царински испостави.

## МЕЃУНАРОДНА ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

Една од придобивките на Царинската управа е и продолжение на проектот за техничка подршка за осовременување и развој на царинската служба преку **КАФАО-МАК мисијата** во Република Македонија, финансирана од Европската Комисија. Врз основа на проектните задачи во напорите за нејзино осовременување и создавање на целосно оперативна служба која ќе соодветствува со нормите на Европската унија и минималните стандарди наведени во царинските Блупринти:

- усвоен е Стратешкиот план за развој на Царинската управа во периодот 2004 -2008 и работните планови за 2004 година;
- донесен е Законот за Царинската управа;
- подготвена е предлог на нов Царински закон;
- обуки и секојдневна соработка со Секторот за контроли и истраги за унапредување на работењето;
- подготовка на Стратегија и План за обуки.

Позначајна активност на Царинската управа е учеството во реализацијата на **Проектот за интегрираното гранично управување**, финансиран со средства од програмата КАРДС, кој се реализира од страна на Царинската управа, во соработка со МВР и други надлежни државни органи. Преку овој проект од страна на Владата на Република Македонија, развиена е и усвоена **Националната стратегија за интегрирано гранично управување** како и **Акциониот план за нејзина имплементација** со што се воведува нов пристап во заштитата на државната граница и координирана стратегија за раководење и контрола на лица и стока која влегува, излегува или транзитира низ царинското подрачје преку сите гранични премини, како и спречување на недозволената трговија преку царинската линија на Република Македонија. Учество во изготвување на: технички спецификации за црвен и зелен канал на Аеродромот, Скопје и технички средства за новата зграда финансирани од **Програмата за ЕУ Интегрирано гранично управување, PHARE 2000.**

**Проектот ТТФСЕ** е дел од регионалната програма за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, кој исто така се реализира и координира од страна на одделението за меѓународна соработка во Царинската управа.

Реформската компонента на проектот-институционална реформа на Царинската управа се реализира во соработка со SECI ТТФСЕ Консултантскиот тим, составен од видни царински експерти,преку давање на техничка помош. Со помош на експерти на Царината на САД:

1. воведен е селективен преглед на граничните премини во патничкиот сообраќај за што се обучени вработените на најфреквентните грнични премини;
2. извршени се дополнителни обуки на Секторот за професионлна одговорност;
3. усовршен е системот на Анализа на ризик и селективност.

Трговската компонента на Проектот-развој и подршка на трговијата се реализира во соработка со Стопанската комора, каде што е лоциран и националниот координатор за олеснување на трговијата. Реализацијата на оваа компонента се врши преку обуки и информирање на увозниците, извозниците, шпедитерите и сите останати учесници во трговијата, а со крајна цел олеснување на трговијата и намалување на нејзините трошоци. Во 2004 година, заклучно со месец септември, реализирани се 15 од планираните 18 семинари.

Третата компонента на Проектот е Интегрираниот Царински Информативен Систем и опфаќа набавка на ИТ опрема, обуки и изградба на АОП центар. Четвртата компонента-изградба и подобрување на објектите на граничните премини опфаќа изградба на граничниот премин Табановце и реконструкција на граничниот премин Деве Баир и Ќафасан.

Од посебно значење е и меѓународната **Програма за борба против распространување на оружјето** (за масовно уништување) како и **Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност**, подржани од Владата на САД, во кои е вклучена и Царинската управа. Во текот на 2004 година:

- одржани се обуки за царински службеници на граничните премини и доделена е опрема за откривање на шверц на разна стока како и џебни детектори за откривање на радиоактивност;
- група од 11 царински службеници во текот на септември 2004 година оствари студиско патување-обука во САД заради стекнување на нови знаења и вештини во врска со попречување на нелегални активности на меѓународните граници.

Учество во **TAIEX Програмата,** која се реализира преку новоформираната Канцеларија за размена на техничка помош на Европската Комисија во Брисел, чија цел е приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија, а се спроведува преку давање на краткорочна техничка помош во форма на семинари, работилници и студиски посети.

Во рамките на мултилатералната соработка, во април 2004 година во Сараево беше одржан осмиот **состанок на Регионалниот Управен комитет на ТТФСЕ Програмата** на кој е разгледан напредокот на имплеметацијата на проектот за секоја земја поедниначно во регионални рамки, при што придонесот на Царинската управа на Република Македонија во успешноста е оценета како исклучително значајна, а искажано е и задоволство од големиот ангажман и успех во неговото спроведување. Царинската Управа ја продолжи соработката со IAEA (Мегународната Агенција за атомска енергија) во Виена, на регионалниот проект за техничка соработка под името **"Изградба на капацитети за откривање и одговор на недозволена трговија со радиоактивни матерјали",** и во август е отпочната пилот програмта за откривање на радиоактивно материјали. Во рамките на овој проект, одржан е регионален состанок во Будва, Србија и Црна Гора, во периодот од 14-18 јуни, 2004 година. Претставници на Царинската управа учествуваа на **работилницата Логистичка размена на информации Македонија - САД,** во организација на Министерството за Одбрана и АРМ, која што се одржа во Скопје, во периодот од 27.09. до 01.10.2004 година.

Техничката соработка со Царината на Холандија беше полезен допринос за остварување на целите на Царинската управа. Во ноември 2003 година, соработката помеѓу Царините на Холандија и Македонија отпочна со две студиски посети во Холандија, од страна на вработени на македонската Царина. Царината на Холандија изврши презентирање и демонстрирање на спроведувањето на одредбите од ЕУ и постапките, како и работењето на лабараторијата на Царината на Холандија.

Во февруари 2004, беше обезбедено продолжување на курсот преку мисија на изнајдување на факти, остварена од Царината на Холандија и Царинската управа. Оценети се и започнати девет нови проекта за техничка помош.

Во октомври 2004, раководниот тим на Царината од северниот регион ги посети своите колеги од Македонија (Мисија за оценување 1). За време на посетата, беше оценета изминатата соработка и беа иницирани можности за идна соработка. Мисијата допринесе многу за институционализирање на соработката помеѓу двете Царисנки администарации, а беше договорена и посета на македонскиот генерален директор на Холандија. Се разговараше интензивно и за содржината на проектот. Подетално се разработија 6 веќе отпочнати проекти кои веќе се спроведуваат.



Во 2004 се спроведоа 9 проекти:

- **Анализа на ризик 1:** македонска царинска делегација помина 4-дневен програм во Холандија, со цел да се види како анализата на ризик се врши во Холандија. Таа на Царинската администрација и овозможува да биде поделотворна, со селектирање на ограничени извори кои се однесуваат на транспорт со висок ризик. Примерите обезбедени со програмата допринесоа за имплементирање на македонскиот систем за анализа на ризик.
- **Имплементирање на правилата на ЕУ 2:** поголема делегација на регионални директори и шефови од македонската Царина проследија 3,5-дневна програма за најраспространети царински постапки во Холандија. Ова

патување овозможи да се согледаат последиците од тековната реорганизација на македонската Царина, за време на која Царината ќе усвои постапки на ЕУ.

- **Фалсификувани документи 1**: беше обезбедена обука за 20 цармнски службеници, наменета за откривање на фалсификувани докумнети (пасоши, трговски документи и др.). Овие обучени службеници можат да допринесат директно за поефикасно спроведување на законот и подобрена наплата на царински давачки.
- **Фалсификувани документи 2**: 8 најдобри учесници од *Фалсификувани документи 1* отидоа во Холандија за двонеделна обука за печатарски техники на екпетрско ниво.
- **Лабараторија 2:** постигнат е договор за тоа сомнителни лабараториски примероци да бидат тестирани во холандската царинска лабараторија. Се врши тестирање за да се утврди износот на царинските давачки што треба да се плати. Тестирањето на примероците од надворешна објективна страна ќе допринесе за разрешување на спорови околу побарувања.
- **Мандатни казни**: беше обезбеден дводневен семинар за мандатни казни. Такви казни на македонската Царина и овозможуваат директно да ги казнува прекршителите на царинскиот закон. Разрешувањето на постапките вон судот : 1) ќе потпомогне за зацврстување на царинските закони; 2) ќе доведе до зголемена наплата на царински давачки; 3) ќе ги намали спорите и скапи судски постапки.
- **Единствен царински прирачник 1:** беше обезбедена помош во изготвување и одржување на македонски Единствен царински прирачник, преку дводневна работилница. Надополнувањето на ваквиот прирачник ќе овозможи лесен пристап до сите македонски царински закони, правила и постапки.
- **Директно и индиректно застапување**: еднодневен семинар за 60 царински службеници на кој се изнесени практични холандски примери за спроведување на постапки за застапување за увоз на стоки, со усогласеност со ЕУ. Важно е македонската Царина да ги сфати постапките зашто со нив може да се зголеми максимално наплатата на увозните давачки, со минимални прекини во трговијата.
- **Броеви TARIC 1:** беше одржана кратка обука за користење на броеви TARIC. Се работи за класификација применувана во ЕУ, за даноци, царина и други цели.

Соработката помеѓу Царините на Холандија и Македонија беше забележителна минатата година. Ова се должи на напорите на сите вклучени: Царината на Македонија, особено раководството; Царината на Холандија и Амбасадата на Кралството Холандија. Сите со ентузијазам се беа вклучиле во оваа соработка.

Царинската управа на Република Македонија беше организатор и домаќин на регионалниот состанок на Директорите за истраги и Раководителите на разузнавањето, на тема **„Регионална соработка и размена на разузнавачки информации помеѓу Царинските служби за сузбивање на организираниот криминал„** кој се одржа на 16 декември 2004 година во Охрид.

Во рамките на билатералната соработка, претставник на Царинската управа присуствуваше на прославата од 125 годишнината од формирањето на **Царинската Служба на Бугарија,** во периодот 6-9 Јули, 2004 година. Беше одржан и трет билатерален состанок со **Царината на Република Грција**, одржан во Солун на 17 Септември 2004 година.

Во текот на 2004 година продолжи соработката преку **SECI Центарот за борба против прекуграничниот криминал** лоциран во Букурешт, преку следење на активностите, проследување на информациите до соодветните сектори како и пружање несебична подршка на претставникот на Царинската управа на Република Македонија во Букурешт. Во кординација со овој центар остварени се повеќе успешни и координирани регионални активности во борбата против недозволената трговија.

Во соработка со **Царината на Република Франција,** беше одржан семинар за човечки ресурси, кој се реализираше во периодот од 13-17 септември 2004 година. Како дел од постојаната соработка со Франција, беше остварена и посетата од страна на Царинскиот Аташе на Република Франција, на која што беа разгледани идните активности. Во периодот од 6-10 декемри 2004 година се реализира студиска посета, чија цел беше запознавање со нивните искуства во врска безбедноста на царинските службеници.

Преку **Амбасадата на Обединетото Кралство во Скопје** добиена е помош за Контрола на евиденција на инвентарот со помош на бар-код системот.

Во текот на третиот квартал на 2004 година **Владата на Република Турција** додели 2 кучиња за откривање на дрога и обука на двајца обучувачи на кучиња, која се реализира во периодот од 27 септември до 24 декември, 2004 година. Обуката се реализира во Полициската Академија на Министерството за внатрешни работи на Република Турција, Анкара.

Во 2004 година остварени се билатерални средби на највисоко ниво со Царините на Грција и Србија со цел да се унапреди понатамошната соработка, а посебно активностите во олеснувањето на транзитот за Летните Олимписки Игри во Грција 2004 година.

## Учество на меѓународни форуми и конференции

Директорот на Царинската управа учествуваше на Меѓународната конференција под покровителство на Светската банка за намалување на сиромаштијата (мај 2004 Шангај, Кина) како претставник на регионот каде имаше излагање на тема: "Подобрување на климата за инвестирање"

Во Солун, Грција во февруари 2004 година, во организација на Европската комисија беше одржана Првата конференција за прекугранична соработка во Југоисточна европа, Царинските управи на новите идни членки на Европската Унија и регионот, на тема новите европски граници, хармонизирање на царинското законодавство, подигање на капацитетите, како и зајакнување на царинската соработка со соседните земји.

Во организација на Царината на Русија во февруари 2004 година во Москва е одржан редовен годишен состанок на Генералните директори на царините на Европскиот регион на Светската Царинска Организација, каде се разгледуваани идните активности и хармонизирањето на царинските постапки, како и одговор на најновите предизвици во царинското работење на европско и глобално ниво.

## ПРОСЕЧНИ ВРЕМИЊА НА ЧЕКАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ*

**(Проект на Светска банка за Олеснување на транспортот и трговијата во Југоисточна Европа)**

| Граничен премин | 2000 ноември | 2001 ноември | 2002 ноември | 2003 ноември | 2004 јуни |
|---|---|---|---|---|---|
| Деве Баир - (влез ) | 308,7 | 386,3 | 175,2 | 34 | 35 |
| Деве Баир - (излез) | 15 | 7,2 | 16,1 | 5 | 8 |
| Табановци - автопат (влез) | 55,4 | 124,6 | 89,8 | 25 | 22 |
| Табановци - автопат (излез) | 6,4 | / | 19,4 | 10 | 6 |
| Ќафасан (влез) | 285,2 | 21,6 | 15,9 | 16 | 26 |
| Ќафасан (излез) | | 12 | 13,2 | 11 | 10 |
| ЦИ Куманово - стоково царинење | 361,4 | 243,8 | 244,8 | 143 | 129 |

***просечните времиња се изразени во минути**

Од табелата може да се забележи дека просечното време на чекање на камион за влез во Република Македонија на граничниот премин Деве Баир од 386 минути во 2001 година е намалено на 35 минути во 2004 година.

## ИНДИКАТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО

| Индикатор | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| Собрани приходи /вработен (во 000 USD) | 297 | 442 | 381 | 456 | 586 |
| Трошоци за царинско работење /де,ларација USD | 19,82 | 16,44 | 16,75 | 39 | 21,42 |

Многу значаен показател за квалитетот на работењето на Царинската управа се собраните приходи по вработен. Така на пример, просечно собраните приходи по вработен во 2003 година изнесуваат 586 илјади USD, во однос на 297 илјади USD во 1999 година. Истиот индикатор укажува дека во 2002 година просечно по вработен се собрани 456 илјади USD, во споредба со 381 илјади USD во 2001 година. Во проценти, тоа покачување е поголемо за 20%.

Царинската управа, укажува дека сите овие резултати се постигнати без дополнителни вработување, односно со намален број на вработени поради рационализацијата на државната администрација.

## ЗАШТЕДИ ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРЕМЕТО ПОТРЕБНО ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА* (САМО НА ТИРТЕ ПИЛОТ ЛОКАЦИИ)

**Намалување на просечното време на задржување на камионите на граничните премини од 61% е приближна заштеда од 1,7 Милиони USD за македонската економија, како резултат на намаленото време на чекање, добивка во авто денови, намалување на терминалските такси.**

Пресметката е направена врз основа на просечен трошок од 12,5 USD/ час по секое задржување (чекање по камион) (просечно 300 USD /час)

Република Македонија и Цариснката управа на Република Мкаедонија како главен корисник на проектот е една од најнапредните и најоддадените од сите држави учесници во овој регионален проект во:

- реформи во постапките,
- транспарентност,
- борба против шверцот и корупцијата
- меѓуминистерска и регионална соработка

Реформите се одразуваат преку значителното подобрување на иникаторите за работењето кои се следат според овој проект, почнувајќи од намалувањето на времето за Задржување на граничните премини помеѓу 52 и 90 % до зголемувањето на собраните царински приходи за 37% (од 324 на 512 милиони USD) за периодот од последните 3 години. За истиот период, обемот на трговијата бележи пораст 31%.

## ИСТРАГИ

Во рамките на остварувањето на функцијата на Царинската управа, Секторот за контрола и истраги во текот на 2004 година, успешно ги изврши планираните задачи согласно предвидениот план и програма, како и други задачи и тековни работи кои беа поставени.

При извршувањето на задачите и работните обврски од страна на секој вработен беше вложен максимален труд и залагање за што поуспешно, стручно, квалитетно, законито и благовремено работење. Во текот на 2004 година, во услови на недоволна кадровска екипираност досега се остварени најголеми резултати во откривањето и спречување на извршување на кривични дела и прекршоци поврзани со царинското работење.

### Служба за аналитика и статистика

Во текот на 2004 година, Службата за аналитика и статистика работеше на примање, заведување и изготвување на формулари по добиени информации од Отворената царинска линија и нивно дистрибуирање до Одделенијата, изготвување на излезни формулари по добиени информации од Одделнијата, изготвување известувања до надлежните државни органи, вршеше споредување, проценување

* извор Годишен извештај за 2003 година на Светската банка за имплеменацијата на Преоктот за олеснување на транспортот и трговијата во Југоисточна Европа - TTFSE

анализирање, внесување и дистрибуција на сите релевантни податоци, изготвување на неделни планови и извештаи, како и шестмесечни извештаи за работењето на Секторот за контрола и истраги, внесување на податоци во База на заплени на акцизна стока, учество на Семинар за аналитичари организиран од страна на МВР, остварена студиска посета во Словенија во врска со изготвување подзаконски акти во врска со примената на Законот за царинска управа, учество на семинар за пролиферација на оружје за масовно уништување како и други работи од областа на истрагите.

Во Службата за аналитика и статистика во текот на 2004 година, започна да функционира **Базата на заплени** со која се овозможува во секој момент да се добијат статистички податоци за вкупната заплена на акцизни стоки на територијата на Република Македонија.

**Дежурна служба**

Царинската управа на Република Македонија во 2004 година успешно ги решаваше пријавите на шверц и корупција, добиени бесплатната телефонска линија **197**, каде граѓаните ќе можат бесплатно и анонимно да се јавуваат за било какви проблеми на царина, шверц на дрога, оружје, сива економија, мито и корупција на царина.

Работата на телефонската линија е поврзано со Дежурниот оперативен центар на Царинската управа, кој е 24 часовен сервисен центар на граѓаните, кој работи во рамките на Секторот за контрола и истраги.

Во Дежурниот оперативен центар (ДОЦ) се вработени 9 оператори кои работат по 12 часа на собирање на информации од отворената царинска линија.

На Отворената царинска линија во текот на 2004 година, имало вкупно 50289 јавувања. До Служба за аналитика и статистика се проследени вкупно **817** информации, а **305** информации за корупција во Царината се проследени до Секторот за професионална одговорност. Од нив Службата за аналитика и статистика изготви **668** излезни формулари до Одделенијата во Секторот.




Согласно законската обврска на Царинската управа за соработка со другите државни органи од добиените информации на отворената царинска линија 125 информации се испратени до Министерство за внатрешни работи, 34 информации се проследени до Управата за јавни приходи, 2 информации се проследени до Финансовата полиција, 2 информации се испратени до Комисија за спречување корупција и 45 информации се проследени до Државен пазарен инспекторат.

| Државен орган | Испратени информации | Повратни информации |
|---|---|---|
| Мин. за екон. Пазарна инсп. | 45 | 12 |
| Управа за јавни приходи | 34 | 3 |
| Мин. за транспорт и врски | 5 | 1 |
| МВР Оддел за крим. Полиц. | 99 | 6 |
| МВР Сек. НТШ | 4 | |
| МВР Сек. за проф.стандарди | 15 | 1 |
| МВР Полиција служба | 7 | |
| Мин. за земјоделие | 6 | 4 |
| Мин. за труд | 4 | 2 |
| Мин. за здравство | 10 | 1 |
| Мин. за одбрана | 2 | |
| Антикорупциска комисија | 2 | |
| Останати држ.органи | 12 | 2 |
| Гранични премини | 22 | 7 |

**Одделение за контрола и ревизија**

Одделението за контрола и ревизија во состав со службите за контрола и ревизија во Царинарница Скопје, Битола и Куманово ги изврши следните активности: изготвени се извештаи за извршени контроли во 67 фирми увозници и во 38 царински испостави. Како резултат на спроведените контроли извршени се дополнителни наплати на царински долг во вредност од 37 милиони денари. Поднесени се вкупно 32 кривични пријави.

**Одделение за разузнавање**

Во текот на 2004 година, креирана е нова верзија на разузнавачката база на податоци која овозможува различити нивоа на пристап со што е подобрена сигурноста на ситемот. Исто така со направени дополнителни измени подобрен е системот на извештаи и анализирање на податоците со што е овозможено на Одделението за анализа на ризик користење на податоци од оваа база за утврдување на критериумите за селективност. И оваа година се продолжи со складирање на информации во базата за лица, компании, шпедиции, транспортни компании, превозни средства, стоки за кои постоело сомневање или за кои е докажано дека се учесници во повредувањето на законските надлежности на Царинската управа .

**МИСЕР** - Систем за електронско известување на раководството за разузнавачки и статистички податоци е програма што се користи од Мобилните екипи. Реализирани се повеќе активности во соработка со КАФАО-МАК: две обуки за мобилните тимови за користење на овој систем.

**CEN (Customs Enforcement Network)**

Во 2004 година собраните податоци околу запленените кои ги имаше Царинската управа, заедно со сите детални информации (фотографии и метод на заплена) се внесени во оваа база на Светската Царинска Организација, а која се користи за разузнавачки цели. Во оваа база има информации за сите заплени на наркотични средства, цигари, оружје, кои земјите членки на Светската Царинска Организација ги имаат доставено. Од оваа база се искористени податоците за новите методи за

сокривање, новите методи на криумчарење и други корисни информации кои можат да бидат користени од нашите службеници. Одделението за разузнавање во 2004 година пријави 9 заплени на наркотични средства и 8 заплени на цигари.

Во 2004 година соработката со РИЛО (Регионална разузнавачка канцеларија за врски) е продолжена и продлабочена.

**Соработка со СЕЦИ центарот**

Продолжена и продлабочена е соработката со СЕЦИ центарот во Букурешт посебно од сигурносен аспект на размена на информации по формирањето на Националната фокусна точка на ниво на Република Македонија. Во 2004 година разменети се околу 46 барања/одговори за проверки и 62 известувања за разни заплени на дрога и цигари. Во рамките на СЕЦИ Центарот во 2004 година спроведени се следниве регионални акции за сузбивање на: трговија со луѓе (мај-јуни 2004 година), трговија со дрога (јуни 2004 година), трговија со украдени возила (август 2004 година) и нелегална трговија со цигари (септември-декември 2004 година)

**БАЛКАН-ИНФО и ЗКА**

Назначените контакт лица од ова одделение ја продолжија соработката со овие служби и во текот на 2004 година се разменети околу 211 информации за заплени на наркотични средства. Во текот на 2004 година се изработени следниве проекти: Дрога (2003), Цигари (2002-2003), Авто делови, Празни камиони и Фиктивен извоз/транзит Балце (2004).

Во текот на 2004 година во период од една недела во соработка со Бугарската царинска служба беше спроведена операцијата КУЛА, во која беа вклучени Одделението за разузнавање и мобилните екипи. Со акцијата беа опфатени сите гранични премини со Република Бугарија при што покрај размената на податоците за влез/излез се спроведуваа и заеднички контроли од двете страни на граничните премини.

Реализирани беа следниве обуки :

- Обука за користење на софтвер Analyst Nootebook;
- Основна обука за разузнавање во соработка со царинската служба на Црна Гора;
- Обука за обучувачи I и II курс;
- Пролиферација на оружје за масовно уништување;
- Примарен и секундарен преглед на граница;
- Препознавање и тестирање на дроги;
- Обука за контрола на меѓународни граници и идентификација на стока-предмети за двојна намена;
- Интернационален основен курс за откривање на фалсификати;
- Регионална соработка и размена на разузнавачки информации помеѓу царинските служби за борба против организираниот криминал.

**Одделение за истраги**

Одделението за истраги во текот на 2004 година ги реализираше следните активности:

1. Поднесени се 62 кривични пријави согласно со Кривичниот Законик за различни кривични дела.
2. Поднесени се 19 барања за поведување на прекршочна постапка согласно со Царинскиот и други закони за повеќе прекршочни дела.
3. Изготвени се 92 дописи до Одделението за ревизија и контрола како одговор на нивни барања за проверка на фактури, сертификати за движење ЕУР-1.
4. Изготвени се 109 дописи до Царински служби во странство со барања за доставувања на информации по различен основ како на пример, проверка на фактури, проверка на ЕУР -1, доказ за вистински платена вредност на стоки, како и одговор по барања на странски царински служби.
5. Изготвени се 114 одговори на барања по различни основи од страна на МВР.
6. Поднесени се 10 предлози за дополнителна наплата на царински и други давачки согласно со член 175 став 1 алинеја 3 од Царинскиот закон во вкупен износ од 2.664.581 денари.
7. Организирани се и спроведени две контролирани испораки на синтетичка дрога во координација со СЕКИ-Центарот во Букурешт и две во соработка со Секторот за недозволена трговија при МВР.
8. Организирање и учество во Регионалната акција МИРАЖ како дел од борбата против трговијата со луѓе во координација со СЕКИ-Центарот во Букурешт.
9. Спроведени четири предавања на тема Проценка на ризик, измени на Законот за кривична постапка со новите овластувања на царинскиот орган, постапка по откривање на кривично дело или прекршок и постапка на двоканален систем на контрола (црвен и зелен канал).
10. Изготвени се одговори на Прашалникот за борба против организираниот криминал што потекнува или е поврзан со земјите на Западен Балкан и на Прашалникот за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

## МОБИЛНИ ТИМОВИ

Во текот на 2004 година мобилна екипа од извршените контроли има 93 заплени за кои се изготвени Записници за царински прекршоци или кривични пријави:

| **Прекршоци** | | **Вредност на стока (ден)** | **Избегнати давачки (ден)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 5 | 239.061 | 98.220 | 337.281 |
| Февруари | 8 | 1.089.784 | 379.517 | 1.487.301 |
| Март | 6 | 155.754 | 24.142 | 179.896 |
| Април | 6 | 1.308.200 | 613.801 | 1.922.001 |
| Мај | 5 | 16.619.606 | 66.330 | 16.685.936 |
| Јуни | 20 | 1.005.111 | 536.645 | 1.541.756 |
| Јули | 6 | 5.966.040 | 567.938 | 6.533.978 |
| Август | 5 | 388.649 | 303.130 | 691.779 |
| Септември | 6 | 2.648.532 | 1.240.990 | 3.889.522 |
| Октомври | 4 | 614.232 | 334.441 | 948.673 |
| Ноември | 12 | 22.422.523 | 14.753.115 | 37.157.638 |
| Декември | 10 | 5.189.688 | 4.349.385 | 9.539.073 |
| **ВКУПНО** | **93** | **57.647.180** | **23.267.654** | **80.914.834** |

Од наведените 93 откриени прекршоци за кои се изготвени записници за царински прекршоци или кривични пријави вкупната вредност на запленетата стока и избегнати давачки износува 80.914.834 денари, односно 1.315. 688 Евра.



Во овој период со 125 изјава во корист на Република Македонија одземени се разни стоки меѓу кои и 384 штеки цигари, 180 литри алкохол, 384 парчиња разни лекови, 540 парчиња разни очила, 2000 парчиња разна бижутерија, 1500 парчиња текстилни производи, со вкупна вредност од околу 1.500.000 денари.
Од откриените прекршоци запленети се следните видови на недозволени стоки, акцизна и друга стока:

- Девизи 159.400 EUR,150.000 USD и 190.000 CHF;
- 8 килограми злато;
- 774,6 килограми разна ДРОГА запленета само од Мобилните тимови, а дел во соработка со други одделенија од Царинската управа или МВР;
- 6.364.840 парчиња разни видови на цигари запленети од Мобилните тимови или во соработка со други одделенија од Царинската управа;
- 500 литри различен алкохол;

Во текот на 2004 година покрај погоре наведените работи и задачи, од страна на Секторот за контрола и истраги извршени се и повеќе други придружни работи и активности, остварен е личен контакт со странки заради размена на различни информации, како и услуги во делокругот на работењето на Секторот за контрола и истраги.

## ПОДАТОЦИ ЗА ЗАПЛЕНЕТИ ЦИГАРИ

| Година | Количина |
|---|---|
| 2000 | 743.200 |
| 2001 | 519.200 |
| 2002 | 750.600 |
| 2003 | 14.933.600 |
| 2004 | 10.411.600 |




## ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПЛЕНА НА ДРОГА ПО ГОДИНИ

| Година | Вкупно во кг |
|---|---|
| 2001 | 73,82 |
| 2002 | 60,12 |
| **Вкупно 2001-2002** | **133,94** |
| 2003 | 165,41 |
| 2004 | 850,47 |
| **Вкупно 2003-2004** | **1.015,88** |

Во периодот 2003-2004 година вкупно се запленети околу 1.015,88 кг. разни видови опојни дроги, кој податок спореден со периодот 2000-2002 е поголем за 8 пати.

## ИВЕШТАЈ ЗА ОДЗЕМЕНИ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА

| Година | Вкупно во Евра |
|---|---|
| 2001 | 117.630 |
| 2002 | 37.631 |
| **Вкупно 2001-2002** | **155.423** |
| 2003 | 150.000 |
| 2004 | 601.000 |
| **Вкупно 2003-2004** | **751.000** |

Во периодот 2003-2004 година вкупно се запленети и откриени околу 751 илјади Евра, кој податок спореден со периодот 2000-2002 е поголем за 5 пати.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРИЈАВИ

| Година | Барања |
|---|---|
| 1999 | 392 |
| 2000 | 408 |
| 2001 | 498 |
| 2002 | 474 |
| 2003 | 1738 |
| 2004 | 1492 |

Во периодот 2003-2004 година, Царинската управа има поднесено **3230 прекршочни пријави**, во споредба со периодот 2000-2001 година, кога се поднесени **906 прекршочни пријави**, кпј број е поголем за 4 пати.

## КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

| | 2003 | 2004 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Кривични пријави поднесени од Секторот за контрола и истраги (за шверц со алкохол,цигари,распрскувачки материјали ,дрога и оружје) | 35 | 64 | 99 |
| Кривични пријави од Одд. за прекршочни ,кривични и управни работи и застапување(даночно затајување и фалсификување на исправи) | 30 | 46 | 76 |
| **Вкупно** | **65** | **110** | **175** |

Во периодот **2003-2004 година, Царинската управа има поднесено 175 кривични пријави**, во споредба со **периодот 1999-2001** година, кога не е поднесена **ниедна кривична пријава**.

## АНАЛИЗА НА РИЗИК

Одделението за анализа на ризик според планот за 2004 година, ја има имплементирано електронската селективност во испоставите за стоково царинење според предлог динамиката со исклучок на Царинската испостава Аеродром Охрид, Царинска испостава Пошта Битола, Царинска испостава Рафинерија ОКТА и Царинска испостава Фени -Кавадарци.
Во изминатата година во системот по Царинските испостави врз основа на извршени анализи од одделението дефинирани се ризични профили и изработени 42 критериуми по истите. Овие критериуми кои служат како целни параметри за селективен преглед со одобрувања од кординаторот и директорот поставени се во системот по Царинските испостави каде е вовен моделот на селктивност. Критериумите редовно месечно беа анализирани, а во текот на годината двапати беше извршено нивно ревидирање, што подразбира затварање на одредени критериуми, односно нивна модификација во однос на проценти, параметри и елементи на селктивност заради постигнување поголема ефикасност.

Исто така редовно месечно е вршена анализа на неправиллности на пилот граничните испостави Деве Баир, Табановце и Ќафасан за потребите на тимот на SECI TTFSE. Одредени резултати, односно неправилности кои беа добиени како резултат на анализа на поставените критериуми беа доставени до Одделението за разузнавање и Одделението за контрола и ревизија.

Параметрите за селективност кој ги поставуваше одделението со оддобрување на директорот во текот на 2004 год. беа:

- Случајна селекција 5%
- Очекувана селекција на црвен канал 20%
- Очекувана селекција на жолт канал 40%
- Очекувана селкција на зелен канал 40%

За практична примена на параметрите, критериумите и организацијата по секции на тестниот сервер вршени се претходни проби со симулирање на соодветна испостава. На тестниот сервер исто така испробано е и функционирањето на синиот канал.

Покрај изготвените акти Одделението на два наврата има доставено предлози за подобрување реализирање и спроведување на моделот на селективност. Во текот на целата година вршени се редовни посети на Царинските испостави при што се согледувани преблемите од работењето и постојано е инсистирано на важноста од проследување на информациите и правилното пополнување на контролните акти заради нивна понатамошна обработка, собирање на податоци и можност за анализи и профилиртање.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОБУКИ

### Одделение за кадрови

Во февруари 2004 година, на предлог на Директорот на Царинската управа, изработен е нов **Правилник за организација и работа на Царинската управа и Правилник за систематизација на работните места во Царинската управа,** кој е донесен од Министерот за финансии. Извршените промени во организационата структура се во насока на остварување на стратешките приоритети на службата.

Воведени се нови функции:

- **Сектор за професионална одговорност** кој по екипираноста и обуките, секојдневно врши внатрешна контрола врз сите воведени функции во централната управа и регионалните единици, заради контрола на спроведување на Закони, пропишани процедури, надлежност, работни задачи. На овој начин се врши превенција, утврдување и елиминирање на лошо однесување, измама, загуби, злоупотреба и погрешно раководење во организационите облици во царинската служба. Истите се процесуираат согласно Законот за работни односи, Законот за Царинска управа, Законот за државни службеници и Колективниот договор за работни односи во Царинската управа, по што се изрекуваат дисциплински мерки.
- **Сектор за управување со човечки ресурси,** кој според целите, улогата и одговорноста поврзана со работната стратегија работи на воведување на нови системи согласно ЕУ стандардите во вработување, оценување, управување со работна изведба, развој на кариера, обука, престанок на работен однос, пензионирање, плати и систем на награди, како и работни услов.
- **Одделение за внатрешна ревизија** поставено под Директорот на Царинската управа, која ќе планира, организира и спроведува ревизии согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики на Министерството за финансии, согласно на барањата на Мисијата на Светска Банка за одобрување на ПСАЛ (Програмски аранжман за структурно прилагодување) и ПСМАЛ (Проект за прилагодување на управувањето со јавниот сектор).

Со измените на Законот за државни службеници, униформираните лица и лицата со посебни должности и овластувања се иземени од примена на овој Закон. Од овие причини, **за прв пат со посебен Закон за царинска управа на транспарентен начин е уреден статусот на овие лица во делот на правата, должностите и одговорностите што произлегуваат од работните односи, со што се специфицираа различностите во однос на другите органи и служби** (заострени услови во постапката при вработување, оценка на работата, систем на заштита при работа, стаж во зголемено траење, забрана за вршење на надворешни активности во врска со службената должност, строг кодекс на однесување, мотивација и награди за успешна работа, признанија, како и финансирање), во чие изготвување директно учествуваше Секторот за управување со човечки ресурси.

Од подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон, изготвена е **Оперативна инструкција за работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници,** истата е доставена до сите царински службеници со воведена евиденција за запознавање со истата. Со примената на оваа инструкција се очекува да зајакне интегритетот на царинските службеници во насока на спречување на корупцијата. Исто така, донесен е и **Правилник за формата, содржината и начинот на употребата на симболот на Царинската управа.**

Секторот за управување со човечки ресурси беше активно вклучен во одговор на ЕУ прашањата, а своите понатамошни активности во областите во кои ги даде своите одговори ќе ги спроведува споредбено со барањата од ЕУ стандардите. Во изминатата година донесени се и Правилникот за критериуми и начин на доделување награди во царинската служба (пречистен текст), како и измената на Колективниот договор за работни односи во Царинската управа на Република Македонија.

Во 2004 година од спроведените постапки за утврдување на дисциплинска одговорност донесени се: 8 решенија за престанок на работен однос, 3 решенија за остранување од работа, 25 решенија за парични казни, 6 решенија за запирање на постапка, 14 решенија за отфрлување на предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Во Одделението за кадрови продолжува да се врши евиденцијата на дисциплинските постапки, односно изречените мерки по сите основи, како и подготовката на анализите кои произлегуваат од тие евиденции.

## Одделение за обуки

Стратегијата на Одделението за обуки е подобрување на работата на вработените и нивниот развој по пат на обуки. Токму во таа насока, во текот на 2004 година, Одделението за обуки почна да го развива системот на обуки, а тоа значи да преку квалитетни обуки кои ќе ги изведуваат квалитетни обучувачи им овозможи на вработените да ја подобрат својата работна изведба и да се развиваат, со што ќе се постигне развој и на целата служба.

Целите на Царинската управа се во насока на ревизија на работните практики и подобрување на стандардите, доколку е потребно или пак воведување на нови начини на работење. Одделението за обуки започна со активности за остварување на Стратешкиот план на Царинската управа. Во текот на 2004 година Одделението за обуки започна со развој на обуките за да се задоволат специфичните работни потреби и потребите на персоналот, давање на поддршка до сите раководни лица и персоналот при одредувањето на потреби од обука, оценување на програмите на обука и развој со цел за постигнување на квалитетен производ, формирање на

тим од обучувачи чиј што развој ќе биде постојано следен и оценуван, нудење на обуки за подобрување на професионалните стандарди, како и да го охрабрува персоналот да презема одговорност за сопствениот развој.

Одделение за обуки, во текот на 2004 година, како позначајни активности во областа на обуките ги издвојува следните:

1. Основна обука:
- Подготовка на програма за обука;
- Подготовка на план за оценување на кандидатите;
- Анализа и оцена на обуката.

Основната обука во текот на јануари и февруари ја посетуваа и ја завршија вкупно 19 царински службеници (10 со ВСС и 9 со ССС).

2. Обука на обучувачи:
- Направено интервју со надворешни фирми специјализирани за изведување обуки;
- Селекција на кандидати за обука по пат на интервју (интервјуирани се вкупно 41 кандидат);
- Формирање досие за секој кандидат;
- Договор за следење на напредокот на обучувачите и подготовка на модули.

Обуката на обучувачи во текот на август и септември успешно ја завршија вкупно 29 учесници од Царинската управа. Со завршувањето на оваа обука, Царинската управа за прв пат доби обучувачи кои задоволуваат одредени повисоки стандрди и кои покрај знаење, поседуваат и вештини за пренесување на истите. Одделението за обуки заедно со обучувачите работи на развојот на националните модули за интерни обуки, индивидуални и групни модели за обуки, моделот на обука на работно место со примена на различни методи и техники со што ќе испорачува квалитетни производи.

3. Примарна и секундарна контрола на граничен премин:
- Подготовка на материјали за обуката;
- Подготовка на наши обучувачи;
- Оценување и анализа на секоја одржана обука.

Како дел од Проектот за олеснување на трговијата во Југоисточна Европа, од страна на тимот на советници од СЕКИ/ТТФСЕ, обучени се 4 обучувачи од Царинската управа кои изведоа 6 обуки за примарна и секундарна контрола на граничните премини за вкупно 172 учесници. На овој начин се опфатени сите гранични премини и обучени се сите царински службеници на граничните премини, а со цел да се овозможи побрз проток на патници.

4. Обука за ракување со инструменти за мерење на радиоактивност:

- Подготовка на материјали за учесниците
- Изведување и оцена на обуката

Експерт од Царинската управа обучуван од МААЕ (Меѓународна агенција за атомска енергија во Виена) изведе 5 обуки за основни познавања на радиоактивноста, ракување со инструменти за мерење на радиоактивност и заштита од радиоактивност за вкупно 91 учесник. Со овие обуки царинските службеници беа обучени како да постапуваат со апаратите за мерење на радиоактивно зрачење, поставени на граничните премини, како да дејствуваат во случај да постои аларм и кои мерки за заштита треба да ги превземат.

5. Обука на тема "компјутерски вештини" за вработените во секторот за контрола и истраги

- Подготовка на анкетни прашалници и анкетирање на вработените за темите од кои е потребна обука
- Подготовка на програма за изведување на обуката

Обуката е изведена во три дела за четири групи учесници во текот на мај, јуни и октомври за вкупно 52 учесника. Со оваа обука им се овозможи на вработените да се запознаат со карактеристиките и можностите на компјутерските системи чие користење значајно би го подобрило водењето на истргите и контролата.

6. Обука на тема "Инструменти за обезбедување на плаќање на царински долг":

- Подготовка на програма за изведување на обуката

За таа цел изведени се 5 обуки за вкупно 84 учесници од Царинската управа и 4 обуки за надворешни субјекти учесници во царинската постапка и тоа за: увозници, шпедиции и банки. Придобивките од воведувањето на овој вид инструменти за обезбедување на плаќање на царински долг се: забрзување на царинските постапки; намалување на трошоците на работењето на Царинската управа и увозниците и вклучување во модерните текови на електронското банкарство. Царинската управа има изведено вкупно 19 сопствени обуки за вкупно 509 учесници.

7. Воспоставување на систем за евиденција на обуките со тема на обуката, датум и место на одржување, број на учесници, проект и предавачи.
Во состав на други проекти, (KAFAO MAK, SECI/TTFSE, TEMPUS, USAID, CARDS, TAIEX, како и во соработка со амбасадита на САД, Холандија, Франција, Германија, Турција и др.) организирани се 59 обуки за вкупно 549 учесници.

8. За извршени обуки или семинари изведени надвор од Република Македонија направена е анализа според: учесници, тема, место и време на одржување, доставени извештаи и понатамошни активности што треба да се превземат по одржување на обуките.
Студиски посети во други земји има организирано вкупно 22 за 89 учесници, а на вкупно 4 конференции и состаноци земале учество 7 учесници

Одделението за обуки според податоците и евиденцијата кои ги поседува, а во врска со одржаните обуки, семинари, работилници, студиски посети, во текот на 2004 година има евидентирано вкупно 104 активности кои ги посетувале вкупно 1154 учесници.

**ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ**

**Секторот за професионална одговорност**, односно **Одделението за внатрешни истраги** има мисија да делува превентивно, да детектира и елиминира непрофесионално однесување, измами, загуби, злоупотреби, корупција и неправилно раководење, поточно сите девијантни појави на однесување, кои се наведени во членот 123 од Колективниот договор за работни односи во Царинската управа на Република Македонија.

Врз основа на добиените информации за незаконито постапување на царинските службеници преку Дежурниот оперативен центар односно *ОТВОРЕНАТА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА* - 197, информации добиени од Секторот за контрола и истраги, информации добиени од МВР и информации добиени од сопствени доверливи извори, Секторот за професионална одговорност врз основа на објективно собираните факти и докази изготви **Службени информации**, **Службени белешки** и **Извештаи** како поддршка за наводите за сторен царински прекршок строго водејќи сметка за моралниот интегритет на личноста на царинскиот службеник при тоа не загрозувајќи ги човековите права.

Во 2004 година, покренати и завршени се постепки како што следи: 26 службени информации, 83 службени белешки и 20 извештаи.

Во период од 2004 година од страна на советодавниот тим на **U.S. CUSTOMS SERVICE SECI** изведена е обука специјално наменета за потребите на Секторор за професионална одговорност.